**Писма**



Во нашето семејство почнавме да добиваме писма уште во 1888 година. Тоа беше кога Тодор отиде да учи во Солунската гимназија во 1888/89 година. Секој месец или секои два месеца на адресата и името на татко ми стигнуваа писма од него. Од 1893/94 година веќе почнаа да пристигнуваат и писмата од мене. Потоа Тодор се јавуваше како учител од Прилеп и од други градови. Првите негови песна татко ми со големо внимание им ги читаше на мајка ми и на сите домашни. „Е, попадие, - велеше татко ми – Тодор е добро, добро учи. – „У, златното дете – ќе кажеше мајка ми – јас си знам оти Тодор учи, ама малку ми беше шубе за неговото здравје, а и да не остане гладен.“ „Не, попадие – и објаснуваше татко ми со голем авторитет – тоа е пансион. Таму готват по многу, во казан, и на сите им е убаво од вкусната манџа. За тоа ич да не се плашиш. Добро му е на детето.“ А мама повторува „Нека е здрав и жив. Пиши му сега оти и ние сме здрави и живи и да не се грижи за ништо. Пиши му да бара кога ќе нема пари. Ќе му испратиме.“

Во 1893/94 година, кога веќе и јас отидов во Скопје, почнав во текот на месецот или на два месеца да им праќам писма, затворени во плик, со поштенска марка. Писмата ги адресирав: Тиквеш казасанда, Кавадар касабанда, Ваташа ќоинде, Поп Андо (или Папа Андо- напишано беше на турски), мансусдар. Превод: Тиквешка околија, град Кавадарци, село Ваташа, лично за поп Андо.

Писмата обично ги пишував со мастило, по можност појасно и со краснопис почнувајќи со: „Мили родители, со ова мое кратко писмо (иако тоа можеше да биде и цел лист) сакам да ве најдам во добро здравје и добар живот. Ако прашате за мене јас сум многу добро и во пансионот и во училиштето и со здравјето сум добро. Вие како сте? Мајка ми како е, како Михаиле, Султана, децата?“ Бидејќи секогаш имавме мали внучиња, прашував дали проодиле или лазат, и праќав многу поздрави на сите роднини во дворот. Во некои писма ги редев сите, беа повеќе од педесетина.

Писмата пристигнуваа во Кавадарци и оттаму поштарот или сам одеше да ги однесе, го знае поп Андо, или ги даваше на некој од ваташаните кои работеа во Кавадарци. Донесувачот на писмто уште на доаѓање во Ваташа, ако вечерта не ги најде попот или Михаиле во чаршијата, доаѓа дома и уште од далеку вика: „Попе, има честење. Писмо

имаш од Ристо.“ Го поканувaат дома, го честат со ракија и кафе, татко ми го отвора пликот, си ги става очилата на очите па туку ќе се сети и ќе викне: „Ела, ела, попадие, има писмо од Ристо. Арен бил.“ Таа ќе приклекне и со големо внимание ќе ја подаде главата да го слуша читањето на писмото. Кога ќе заврши писмото таа имаше обичај да рече: „Ти, попе, поскоро да му пишеш. Ами пишува ли за пари?“ – „Пишува оти имал. Кога ќе нема ќе ни пише, ќе му пратиме. Скопје не е далеку. Ене го зад Велес.“

Се сеќавам, Пано Каменов, доктор во Њујорк од Америка, беше пратил писмо до мајка му. Поштарот му го предал писмото на еден ваташанец, на еден од ваташките мајстори. Портата беше отворена, стрина Јаневица на чардакот наспроти портата и мајсторот почна да вика: „Стрино Јаневице, стрино Јаневице, имаш писмо од Америка, од Пано.“ Таа по раст беше ниска жена. Се стрча по скалите, го зеде писмото и почна да го бакнува зборувајќи: „Милото мое дете, дури од Америка ми пишува“ и се свртува кон мајсторот: „Ами, мајсторе, бре што да ти подарам, ти ми донесе голема радост“. „Ами, ништо, ништо, стрино ние сме наши луѓе“. И веднаш стрина трча кај попот, кој го отвора писмото и го чита. Потоа, од кај попот таа ќе тргне и ќе ги обиколи речиси сите писмени луѓе во селото за да и го прочитаат писмото, едно за да се пофали дека има писмо од Америка, а друго да не биде да не и го прочитале целото писмо или прочитале нешто погрешно. Ние ја задевавме: „Оти отиде кај сите да ти го читаат писмото?“- А таа: „Да не се случи грешка во читањето. Писмото, еден така ќе го разбере, друг инаку.“ Па ќе се сврти: „Ами зар нешто лошо направив?“

**Султана**

Султана беше вредна жена и патриот. Таа ја чуваше архивата и разните револуционерни писма. Таа го чуваше и револверот што се наоѓаше во нашата куќа. При разните претреси наоѓаше згодно време да ги изнесе и да ги скрие, како архивата и револуционерните документи, така и револверот. Често ги наоѓав во собата заптиите и полициските началници како претураат и бараат оружје. Таа го зела в раце малото дете, го штипнала, тоа почнува да пишти, а таа божем го смирува, повторно го штипе за да плаче. Тогаш налутените заптии и наредуваат да излезе заедно со расплаканото дете, а ние останувавме внатре. По излегувањето таа ќе се загуби кај комшиите. Без страв ги пречекуваше и ги услужуваше разните револуционери што ни доаѓаа в куќи. Во јуни 1903 година, по битката кај Бегниште, Петар Јуруков, заедно со девет други четници дојде во Ваташа за да се скрие. Во разговорот дали го подготвуваме револуционерното знаме, му кажав дека не го подготвуваме, туку дека веќе е готово и е во Кавадарци. Тој посака да го види. Тогаш ја пратив Султана со малото дете Дончо на раце и Захарија – жената на Лазо Берберот, да одат во Кавадарци во куќата на Пано Иванов. Жената на Пано Иванов, која го чуваше знамето, им го дала на доверливите жени, тие го завиткале малиот болен Дончо со пелените и во знамето и преку турското

маало го донесоа кај нас. Го зедов знамето и го однесов кај четата, која престојуваше во куќата на Глигор Грошот наш сосед. По разгледувањето на знамето, му го предадов на чување на револуционерниот работник Манчо Шарлиев, исто така наш сосед.

Султана по потекло беше од патриотско  семејство од Ресава. Брат и Ташо Асиов е еден од видните дејци и раководител на Револуционерната организација во Ресава. По смртта на мајка ми, таа достојно го одржуваше дотогашниот ред во куќата. И кога умре мајка ми и кога умре брат ми Јованче таа ги изврши сите потребни обичаи при погребувањето и  воопшто заслужува големи пофалби за нејзината љубов спрема нашето семејство. Не знам кога е родена, а починала при породувањето во 1912 година, малку пред да избувне Балканската војна. Остави тројца синови: Методи, Дончо и Ване.

*Од книгата „Вистински приказни за вечни сеќавања, Кавадарци 1900-1945) од Зорка Тодорова Младеновиќ, Кавадарци 2010 г.*

**(Подготви Марко Китевски)**